УЖ-2.бр.637/2020

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот ЈП Чистота и зеленило Куманово, поднесена преку полномошник Адвокат Виктор Божиновски од Куманово, против Решението на Управниот суд У-6.бр.1238/2020 и У-6.бр.1237/2020 од 20.07.2020 година, за јавни набавки, на седницата на советот одржана на ден 26.01.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот ЈП Чистота и зеленило Куманово, изјавена против Решението на Управниот суд У-6.бр.1238/2020 и У-6.бр.1237/2020 од 20.07.2020 година, СЕ ОТФРЛА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-6.бр.1238/2020 и У-6.бр.1237/2020 од 20.07.2020 година, ги отфрлил тужбата и предлогот за времена мерка на тужителот ЈП Чистота и зеленило Куманово, со која тужителот бараше да се поништи Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/10 од 24.06.2020 година.

Против решението на Управниот суд, жалба изјави тужителот преку полномошник Адвокат Виктор Божиновски од Куманово, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, решението на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно одлучување.

Со поднесок од 02.11.2020 година, тужителот преку полномошник Адвокат Виктор Божиновски од Куманово, изјави дека ја повлекува жалбата против Решението на Управниот суд У-6.бр.1238/2020 и У-6.бр.1237/2020 од 20.07.2020 година.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид поднесокот со кој тужителот, ја повлекува поднесената жалба, одлучи како во диспозитивот на ова решение согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови во врска со член 347 став 3 во врска со член 356 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови, за прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 347 став 1 и 3 од Законот за парничната постапка, предвидено е дека ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на првостепениот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение и жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

Во членот 356 од истиот закон, предвидено е дека ненавремената, нецелосната или недозволена жалба ќе отфрли второстепениот суд со решение, ако тоа не го сторил првостепениот суд (347).

Вишиот управен суд согласно напред цитираните законски одредби жалбата на тужителот поднесена преку полномошникот ја отфрли како недозволена со оглед да истата е повлечена.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението, согласно напред цитираните законски одредби, односно согласно член 347 во врска со член 356 од Законот за парничната постапка и член 14 став 1 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 26.01.2021 година под УЖ-2.бр.637/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/МА

Согласно со изворникот, потврдува
Судски службеник